Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/21
06.10.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14 - 985/21
06-10 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 33-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 25.08.2021 година | **Време** | 18.00 – 19:40 часот |
| **Бр. на седница** | 33-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев (независен експерт) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески и Ангел Симов (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 20.7.2021 година.
2. Започнување подготовка на Четвртиот DESI извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата и спроведување на НОБП
3. Учество на НКБК во подготовката на Законот за безбедност на мрежи и информациски системи
4. Дискусија околу барањето на АЕК за мислење на НКБК во однос на предлог измените на Правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства
5. Дискусија околу одговорот на ДЗС на барањето на АЕК за добивање листа на урбани и рурални населени места во државата,
6. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 33-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 32-та седница што се одржа на 20.07.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, се дискутираше за законската обврска на НКБК што произлегува од Законот за електронските комуникации (ЗЕК) два пати годишно да подготви извештај до министерот за информатичко општество и администрација за спроведување на НОБП и развој на бродбендот во државата во однос на развој на бродбенд пазарот во Европската Унија, согласно со DESI (The Digital Economy and Society Index).

Членот на НКБК Славица Настеска извести дека Европската Комисија се уште го нема објавено извештајот за развојот на бродбенд пазарот во државите-членки согласно со DESI за 2020 (претходните извештаи биле објавувани во мај или јуни), а дека на веб-страна на австриското министерство е објавена информација дека тој извештај ќе биде објавен на есен/2021, не прецизирајќи точно кога. Имајќи предвид дека во документите: Методологија за утврдување на DESI и Образец за формата и содржината која треба да ја содржи Извештајот за развој на бродбенд пазарот согласно DESI, што НКБК ги има донесено, постои обврска Четвртиот извештај да биде подготвен и усвоен до 30.09.2021 година, после дискусијата сите членови на НКБК се согласија извештајот да биде подготвен и донесен во наведениот рок, а најновите податоци за бродбенд пазарот во Република С. Македонија да бидат споредени со податоците од последно објавениот извештај на Европската Комисија, поточно извештајот од 2020.

Членот на НКБК Зоран Дервишов истакна дека ова ќе биде прв извештај на НКБК во кој одредени индикатори ќе бидат прикажани според категоризацијата на населените места во државата на урбани и рурални според Државниот завод за статистика (ДЗС).

**Заклучок**

НКБК да испрати допис до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) со барање за достава на податоците за развој на бродбенд пазарот во нашата држава најдоцна до 15.09.2021 година, како би имало доволно време за подготовка на Извештајот.

**За третата точка од дневниот ред,**

Претседателот на НКБК извести дека на барање на кабинетот на премиерот на Владата на РСМ, НКБК како експертско тело е вклучено во подготовката на Законот за безбедност на мрежи и информациски системи, како суштински закон за имплементација на ИКТ стратегијата што исто така е во подготовка. Учеството на членовите на НКБК е од аспект на пристапот и поврзливоста на државните институции на Националната Оптичка Транспортна Мрежа (НТОМ), утврдена со Националниот Оперативен бродбенд План (НОБП).

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Претседателот на НКБК извести дека до НКБК е пристигнат допис од АЕК со кој се бара НКБК да даде мислење за Правилникот за измени и дополнувања на правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства, кој АЕК го подготви и согласно ЗЕК треба да отвори јавна расправа во времетраење од 30 дена во текот на која сите заинтересирани страни треба да достават свое мислење, забелешки и коментари. Тој истакна дека е за поздравување што АЕК во НКБК препознава експертски состав со кој може да продолжи веќе воспоставената соработка во областа на бродбенд мрежите. Сите членови на НКБК се согласија дека Правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства е од особено значење за развојот на бродбендот во државата, особено што со него треба да се имплементира Директивата за намалување на трошоците за развој на бродбенд мрежи на Европската Комисија како би се намалиле трошоците за инвестиции во бродбенд мрежите. Заради тоа истакнаа дека кон правилникот треба да се пристапи со особено детално внимание, заради што го донесоа следниот

**Заклучок**

НКБК да испрати допис до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) со одговор дека се согласува на заеднички состанок со АЕК (во организација на АЕК) детално на техничко ниво да се дискутира за предложените измени во Правилникот, причините и целите што треба да се постигнат.

**За петтата точка од дневниот ред,**

Претседателот на НКБК извести дека до НКБК е пристигнат електронски допис од АЕК со кој е препратен одговор од ДЗС и придружна датотека во excel со категоризацијата на сите населени места во Република С. Македонија на урбани и рурални. Членот на НКБК Зоран Дервишов појасни дека оваа категоризација беше потребна за системот на поддршка на НОБП што е имплементиран во АЕК заради следење на индикаторите за покриеност со бродбенд мрежи во урбаните и руралните средини согласно праксата во државите-членки на Европската Унија.

**Заклучок**

НКБК да испрати електронски допис до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) за побрза имплементација на категоризацијата на населените места во државата според одговорот од ДЗС во системот за поддршка на НОБП, како би можело на време да се добијат податоци од него за покриеност со бродбенд мрежи во урбани и рурални подрачја за претстојниот Четврти извештај на НКБК.

**За шесттата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно", претседателот на НКБК Димитар Буковалов извести дека во претстојниот период во МИОА интензивно се работи на Националната ИКТ стратегија, која што веќе е поставена на системот енер, а за која НКБК веќе има доставено свое мислење. Националната ИКТ стратегија е тесно поврзана со Законот за безбедност на мрежи и информациски системи.

Во врска со формирање на меѓу-ресорка работна група за ревизија на закони и правилници поврзани со градба, извести дека од сите надлежни институции се пристигнати номинациите за членови на истата, што значи дека наскоро работната група ќе биде формирана.

Во врска со Информацијата до Влада за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини (согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година), извести дека истата е во Генерален секретаријат на Владата и дека веројатно на наредна седница на Владата истата ќе биде разгледана заедно со мислењата од засегнатите институции.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________